# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# јануари – јуни 2015 година

## за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

ФЗОМ

Скопје, Декември 2015 година

Доставено до:

- Архива
- Директорот на ФЗОМ

## Содржина


1. ВОВЕД ........................................................................................................................ 2

2. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ........................................................................................................................ 2

2.1 Потрошувачка на лекови по број на рецепти ........................................................ 4

2.2 Потрошувачка на лекови по износи ........................................................................ 6

2.3 Потрошувачка на лекови по ФЗО-Подрачни служби ............................................ 6

2.4 Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти ............................................. 10

2.5 Топ 10 најпотрошувани лекови по вкупни износи ................................................ 11

2.7 Потрошувачка на скапи лекови на рецепт ............................................................ 13

2.8 Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација ........................... 14

2.8.1. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи ........... 14

2.8.2. Потрошувачка на лекови за деца со посебни потреби ....................................... 15

3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ ........................................................................................ 15

# 1. ВОВЕД

Во Законот за здравствено осигурување на Македонија во членот 9 се наведени основните здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија во кои спаѓаат и лековите од Листата на лекови, за примарна и болничка здравствена заштита.

Лековите од Листата на лекови за примарна здравствена заштита кои се издаваат на рецепт за осигурениците се обезбедуваат преку ПЗУ аптеките со кои Фондот има склучен договор. Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, во писмена и електронска форма, заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките.

Податоците за издадени лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во аптеките во примарна здравствена заштита се добиени од Подрачните служби на Фондот преку информатичкиот систем на Фондот.

Процесот на анализа на податоците за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита започна во 2009 година и во следниот период продолжи со поголем интензитет со цел за унапредување на системот на обезбедување лекови за сите осигуреници, примената на законските прописи и ефикасна алокација на финансиските ресурси.

# 2. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во прватa половина на 2015 година обезбедувањето на осигурениците со лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 746 аптеки – организациони единици.

На снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на Фондот влијаат повеќе фактори како распределбата на финансиските лимити за аптеките (квотите), референтните цени на лековите, бројот на лекови кои се издаваат надвор од квотите на аптеките, како и пропишувачките навики на лекарите и структурата на населението.

Овој извештај е изготвен врз основа на податоци добиени од информатичкиот сиситем на ФЗОМ на ден 10.09.2015 година.

За овој период вкупно се реализирани 10.516.229 рецепти со вкупен износ од 1.206.274.075 денари. Во Табела 1 даден е приказ на бројот на реализирани рецепти и вкупните износи за лекови издадени во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот за периодот 2013-2015 година, од каде може да се забележи дека континуираниот раст на употребата на лекови во изминатите години продолжува и во првата половина 2015 година.

***Табела 1. Број на реализирани рецепти и исплатени износи по години, за првите половини од 2013-2015 година***

| | 2013 | 2014 | 2015 | Индекс 2014/2013 | Индекс 2015/2014 | Индекс 2015/2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на рецепти** | 8.845.368 | 9.528.233 | 10.516.229 | 1,08 | 1,10 | 1,19 |
| **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)** | 1.050.084.772 | 1.117.921.039 | 1.206.274.075 | 1,06 | 1,08 | 1,15 |

Во однос на 2014 година, во првата половина од 2015 година индексот на пораст изнесува 1,1 (10%) на бројот на реализирани рецепти, што е значително зголемување споредено со трендовите на пораст забележани изминатите години. Во споредба со истиот период 2013 година индексот на пораст изнесува 1,19 (19%).

За износите кои ФЗОМ ги издвојува за лекови на рецепт, индексот на пораст е 1,08 (8%) во споредба со 2014 година, додека во споредба со 2013 година индексот на пораст е 1,15 во однос на издвоени средства за лекови на товар на ФЗОМ. Ова значително зголемување на вкупната потрошувачка на лекови во првата половина на 2015 година меѓудругото, е резулатат и на добрата дистрибуција на финансиските средства на Фондот за аптеките (квотите на аптеките со кои Фондот има склучен догоговор) со што се постигнува нивно подобро и целосно искористување. Искористеноста на квотите на аптеките за предметниот период на анализата е 95% на ниво на РМ.

Во Табелата 2 даден е приказ на полугодишната потрошувачка на лекови на рецепт за период од 2013-2015 година за лековите според АТЦ класификација на прво ниво.

***Табела 2. Потрошувачка на лекови по АТЦ групи за периоот јануари-јуни, 2013-2015 година***

| **АТЦ група на лекови** | | **2013** | **2014** | **2015** | **2015** | **Разлика изразена во %** | **Разлика изразена во %** | **Разлика изразена во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (јануари-јуни) | (јануари-јуни) | (јануари-јуни) | Удел (%) | 2014/2013 | 2015/2014 | 2015/2013 |
| **A** | Број на рецепти | 1.104.370 | 1.168.441 | 1.299.466 | **12,36%** | 5,80 | 11,21 | **17,67** |
| **Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот** | Вкупен износ | 96.490.758 | 96.013.643 | 106.068.295 | **8,79%** | -0,49 | 10,47 | **9,93** |
| **B** | Број на рецепти | 96.004 | 106.310 | 139.185 | **1,32%** | 10,73 | 30,92 | **44,98** |
| **Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи** | Вкупен износ | 8.542.451 | 9.227.732 | 16.178.558 | **1,34%** | 8,02 | 75,33 | **89,39** |
| **C** | Број на рецепти | 3.844.530 | 4.178.859 | 4.573.294 | **43,49%** | 8,70 | 9,44 | **18,96** |
| **Лекови кои делуваат на срце и крвни садови** | Вкупен износ | 281.687.357 | 312.379.770 | 332.119.041 | **27,53%** | 10,90 | 6,32 | **17,90** |
| **D** | Број на рецепти | 97.692 | 108.094 | 116.876 | **1,11%** | 10,65 | 8,12 | **19,64** |
| **Дерамтолошки лекови** | Вкупен износ | 10.529.115 | 12.061.221 | 13.077.653 | **1,08%** | 14,55 | 8,43 | **24,20** |
| **G** | Број на рецепти | 265.962 | 293.593 | 321.362 | **3,06%** | 10,39 | 9,46 | **20,83** |
| **Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони** | Вкупен износ | 71.131.503 | 81.615.338 | 91.305.247 | **7,57%** | 14,74 | 11,87 | **28,36** |
| **H** | Број на рецепти | 123.932 | 131.300 | 141.274 | **1,34%** | 5,95 | 7,60 | **13,99** |
| **Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин** | Вкупен износ | 14.764.903 | 15.571.542 | 16.026.004 | **1,33%** | 5,46 | 2,92 | **8,54** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **J** | Број на рецепти | 922.987 | 985.519 | 1.043.145 | **9,92%** | 6,77 | 5,85 | **13,02** |
| **Антиинфективни лекови за системска употреба** | Вкупен износ | 163.596.857 | 166.402.045 | 166.479.588 | **13,80%** | 1,71 | 0,05 | **1,76** |
| **L** | Број на рецепти | 27.755 | 27.976 | 27.386 | **0,26%** | 0,80 | -2,11 | **-1,33** |
| **Антинеопластични и имуномодулаторни лекови** | Вкупен износ | 19.128.561 | 18.257.964 | 19.880.136 | **1,65%** | -4,55 | 8,88 | **3,93** |
| **M** | Број на рецепти | 467.587 | 477.646 | 513.453 | **4,88%** | 2,15 | 7,50 | **9,81** |
| **Лекови со дејство на коскено мускулен систем** | Вкупен износ | 46.254.772 | 49.586.676 | 53.756.752 | **4,46%** | 7,20 | 8,41 | **16,22** |
| **N** | Број на рецепти | 1.260.485 | 1.366.241 | 1.589.407 | **15,11%** | 8,39 | 16,33 | **26,09** |
| **Лекови со дејство на ЦНС** | Вкупен износ | 177.371.960 | 168.409.916 | 176.208.054 | **14,61%** | -5,05 | 4,63 | **-0,66** |
| **P** | Број на рецепти | 13.441 | 13.457 | 12.256 | **0,12%** | 0,12 | -8,92 | **-8,82** |
| **Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити** | Вкупен износ | 1.093.249 | 1.072.326 | 1.047.554 | **0,09%** | -1,91 | -2,31 | **-4,18** |
| **R** | Број на рецепти | 459.001 | 493.492 | 546.084 | **5,19%** | 7,51 | 10,66 | **18,97** |
| **Лекови за третман на болести на респираторен систем** | Вкупен износ | 132.021.727 | 156.456.364 | 180.529.647 | **14,97%** | 18,51 | 15,39 | **36,74** |
| **S** | Број на рецепти | 161.319 | 176.906 | 191.512 | **1,82%** | 9,66 | 8,26 | **18,72** |
| **Лекови кои делуваат на сензорни органи** | Вкупен износ | 27.398.611 | 30.778.870 | 33.274.270 | **2,76%** | 12,34 | 8,11 | **21,45** |
| **V** | Број на рецепти | 303 | 399 | 1.529 | **0,01%** | 31,68 | 283,21 | **404,62** |
| **Останато** | Вкупен износ | 72.947 | 87.632 | 323.275 | **0,03%** | 20,13 | 268,90 | **343,16** |
| **Вкупно рецепти** | | **8.845.368** | **9.528.233** | **10.516.229** | **100,00%** | **7,72** | **10,37** | **18,89** |
| **Вкупен износ (денари со 5% ДДВ)** | | **1.050.084.772** | **1.117.921.039** | **1.206.274.075** | **100,00%** | **6,46** | **7,90** | **14,87** |

## 2.1 Потрошувачка на лекови по број на рецепти

Од Табелата 2 може да се забележи дека за разлика од 2014 година кога беше забележан тренд на пораст на бројот на рецепти кај сите АТЦ групи на лекови[1] на товар на ФЗОМ, во 2015 година

[1] Легенда:

A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот, B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи, C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови, D - Дерамтолошки лекови, G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони, H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин, J - Антиинфективни лекови за системска употреба, L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови, M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем, N - Лекови со дејство на ЦНС, P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити, R - Лекови за третман на болести на респираторен систем, S - Лекови кои делуваат на сензорни органи, V – Останато

зголемување има кај најголем број групи на лекови освен кај антинеопластичните и имуномодулаторните лекови (АТЦ група L) и кај лековите за лекување на инфекции предизвикани со паразити (АТЦ група P).

Во првата половина од 2015 година вкупното зголемување на бројот на реализирани рецепти изнесува околу 10 % во споредба со истиот период од 2014 година.

Најголемо зголемување во потрошувачката на лекови за анализираниот период од околу 283% се забележува кај АТЦ групата V односно за препаратот без глутен-брашно и млеко за индикацијата Целијакија.

Кај лековите кои делуваат на крвта и крвотворните органи (АТЦ B група) се забележува околу 31% зголемен број на реализирани рецепти што се должи и на дополнувањето на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ со нова генерика clopidogrel од оваа група лекови.

Кај лековите со дејство на ЦНС (АТЦ N група) се забележува зголемување за околу 16%.

***Графикон 1. Споредба на потрошувачката на лекови по АТЦ групи* за период јануари-јуни 2013-2015 година***




Како и изминатите години, така и во првата половина на 2015 година, прва по потрошувачка на лекови по број на реализирани рецепти е АТЦ групата C – лекови за кардиоваскуларниот систем. Учеството на оваа група лекови во вкупната потрошувачка е намалена за околу 0,37% во однос на истиот период лани, додека во однос на 2013 година е зголемен за околу 0,03%.

Втори најмногу трошени лекови по бројот на реализирани рецепти се лековите со дејство на централниот нервен систем кои и во 2015 година бележат раст на потрошувачката како и предходните години. Учеството на оваа група лекови во вкупната потрошувачка споредено со првата половина на 2014 година е поголемо за околу 0,77%, додека во однос на 2013 година растот изнесува 0,86%.

На трето место според потрошувачката на лекови по бројот на реализирани рецепти за период од јануари до јуни 2015 година, се лековите од АТЦ групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот и истите имаат континуиран раст во последните години.

За разлика од претходните години кога почнувајќи од 2011 година лековите од АТЦ групата Ј (антиинфективни лекови за системска употреба - антибиотици) бележеа намалена потрошувачка, со намалување од -10,3% во 2013 година, во 2014 година и во првата половина на 2015 година повторно се забележува зголемување на потрошувачката на антибиотиците и тоа за околу 5,8% во споредба со истиот период во 2014 година.

## 2.2 Потрошувачка на лекови по износи

Во однос на средствата кои ФЗОМ ги издвојува за лекови во ПЗЗ, од Табелата 2 може да се забележи дека вкупната потрошувачка од година во година континуирано се зголемува.

Во првата половина од 2015 година зголемувањето на издвоените средства за лекови изнесува околу 7,9% во однос на истиот период во 2014 година, а околу 14.9% е зголемен во однос на првата половина од 2013 година.

Анализата на издвоените износи за лекови по АТЦ групи за 2015 година покажува дека има намалување на износот издвоен за лекови од АТЦ групата Р, а за сите останатите групи на лекови во првата половина на 2015 година се издвоени повеќе средства од претходно.

***Графикон 2. Приказ на споредбата на потрошувачката на лекови по АТЦ групи* за период јануари- јуни 2013-2015 година***




Најмногу средства Фондот издвојува за АТЦ групата С - лекови за кардиоваскуларниот систем. Во првата половина од 2015 година за оваа група издвоени се околу 27,5% од вкупниот износ издвоен за лекови на рецепт, што претставува намалување од околу 0,41% во однос на истиот период 2014 година и пораст од околу 0,70% во однос на првата половина од 2013 година.

На второ место според средствата издвоени за лекови на рецепт се лековите од групата R, односно лекови за третман на болести на респираторен систем. Процентот на средствата издвоени за лекови од групата R во вкупните средства издвоени за лекови изнесува околу 15%, односно истиот е зголемен за околу 1% во однос на првата половина на 2014 година.

Лековите кои делуваат на ЦНС (АТЦ група N) се наоѓаат на трето место по издвоени средства во однос на вкупните средства издвоени за лекови во првата половина од 2015 година со удел од 14,6%. Во однос на истиот период во 2014 година, се бележи намалување на уделот на овие лекови во вкупната потрошувачка за околу 0,46% (Графикон 2).

## 2.3 Потрошувачка на лекови по ФЗО-Подрачни служби

Најголем број на рецепти се реализирани на територијата на Подрачна служба Скопје со вкупно 3.347.004 рецепти, што изнесува околу 31,83% од вкупно реализираните рецепти за првата половина на 2015 година. Втора Подрачна служба по реализирани рецепти е Тетово во која се реализирани вкупно

686.185 (околу 6,5%) рецепти, а во Подрачна служба Битола се реализирани вкупно 625.497 (околу 6%) рецепти за лекови на товар на ФЗОМ во 2015 година. На првите 10 подрачни служби по број на резлизирани рецепти отпаѓаат 73,9% од вкупниот број на рецепти во првата половина на 2015 година.

Најмал број на рецепти се реализирале во Подрачна служба Крушево, вкупно 29.299 рецепти односно само околу 0,28% од вкупно реализираните рецепти за 2015 година.

***Табела 3. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ, 2015 година***

| ФЗО подрачна служба | Број на осигуреници * | Број на рецепти | ДДД/1000 осиг./ден | Вкупен износ (денари) | Удел во вк. број на рецепти | Удел во вкупен износ | Просечен број на рецептипо осигуреник | Просечен износ по осигуреник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БЕРОВО | 15.042 | 122.118 | 889 | 11.939.486 | 1,2% | 1,0% | 8,1 | 793,8 |
| БИТОЛА | 92.980 | 625.497 | 667 | 65.393.764 | 5,9% | 5,4% | 6,7 | 703,3 |
| БРОД | 7.547 | 39.626 | 538 | 3.459.113 | 0,4% | 0,3% | 5,3 | 458,4 |
| ВАЛАНДОВО | 9.743 | 62.440 | 658 | 6.319.796 | 0,6% | 0,5% | 6,4 | 648,7 |
| ВЕЛЕС | 55.067 | 370.281 | 688 | 41.673.659 | 3,5% | 3,5% | 6,7 | 756,8 |
| ВИНИЦА | 15.622 | 95.141 | 700 | 10.124.785 | 0,9% | 0,8% | 6,1 | 648,1 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 30.221 | 240.594 | 812 | 23.345.327 | 2,3% | 1,9% | 8,0 | 772,5 |
| ГОСТИВАР | 81.456 | 373.543 | 459 | 46.806.846 | 3,6% | 3,9% | 4,6 | 574,6 |
| ДЕБАР | 19.136 | 87.517 | 447 | 9.713.337 | 0,8% | 0,8% | 4,6 | 507,6 |
| ДЕЛЧЕВО | 20.313 | 166.092 | 847 | 16.670.765 | 1,6% | 1,4% | 8,2 | 820,7 |
| ДЕМИР ХИСАР | 6.964 | 49.078 | 698 | 4.338.027 | 0,5% | 0,4% | 7,0 | 622,9 |
| КАВАДАРЦИ | 43.341 | 272.487 | 710 | 33.117.306 | 2,6% | 2,7% | 6,3 | 764,1 |
| КИЧЕВО | 40.447 | 318.065 | 817 | 32.068.641 | 3,0% | 2,7% | 7,9 | 792,8 |
| КОЧАНИ | 38.054 | 269.535 | 782 | 30.254.588 | 2,6% | 2,5% | 7,1 | 795,1 |
| КРАТОВО | 7.088 | 43.836 | 674 | 4.746.169 | 0,4% | 0,4% | 6,2 | 669,6 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 19.162 | 119.701 | 651 | 13.360.824 | 1,1% | 1,1% | 6,2 | 697,3 |
| КРУШЕВО | 8.321 | 29.299 | 382 | 3.465.502 | 0,3% | 0,3% | 3,5 | 416,5 |
| КУМАНОВО | 113.522 | 588.590 | 531 | 71.205.720 | 5,6% | 5,9% | 5,2 | 627,2 |
| НЕГОТИНО | 17.817 | 151.666 | 921 | 14.100.931 | 1,4% | 1,2% | 8,5 | 791,4 |
| ОХРИД | 54.222 | 396.529 | 779 | 46.507.964 | 3,8% | 3,9% | 7,3 | 857,7 |
| ПРИЛЕП | 84.341 | 566.178 | 754 | 63.971.816 | 5,4% | 5,3% | 6,7 | 758,5 |
| ПРОБИШТИП | 12.244 | 78.352 | 688 | 7.964.946 | 0,7% | 0,7% | 6,4 | 650,5 |
| РАДОВИШ | 25.932 | 111.291 | 466 | 12.931.545 | 1,1% | 1,1% | 4,3 | 498,7 |
| РЕСЕН | 14.657 | 106.431 | 737 | 11.337.083 | 1,0% | 0,9% | 7,3 | 773,5 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 16.496 | 86.307 | 549 | 9.866.859 | 0,8% | 0,8% | 5,2 | 598,1 |
| СКОПЈЕ | 608.892 | 3.347.004 | 574 | 410.574.221 | 31,8% | 34,0% | 5,5 | 674,3 |
| СТРУГА | 49.118 | 302.386 | 599 | 33.560.685 | 2,9% | 2,8% | 6,2 | 683,3 |
| СТРУМИЦА | 81.760 | 508.887 | 698 | 53.749.424 | 4,8% | 4,5% | 6,2 | 657,4 |
| ТЕТОВО | 156.340 | 686.185 | 448 | 78.756.992 | 6,5% | 6,5% | 4,4 | 503,8 |
| ШТИП | 53.370 | 301.573 | 585 | 34.947.954 | 2,9% | 2,9% | 5,7 | 654,8 |
| ВКУПНО | **1.799.211** | **10.516.229** | **19.747** | **1.206.274.075** | **100,0%** | **100,0%** | **5,8** | **670,4** |

***- Земен е просечниот број на осигуреници по ПС за период јан.-јуни 2015 година**

Со вкупните износи (референтна цена на лек, услуга за аптека и ДДВ) најмногу средства за лекови се издвоени во Скопје со 410.574.221 денари (34% од вкупниот износ), во Тетово издвоени се 78.756.992 денари (6,5% од вкупниот износ) и Куманово со 71.205.720 денари (5,9% од вкупниот износ) со што се наоѓа на трето место по издвоените средства за лекови на рецепт. На првите десет Подрачни служби на ФЗО кои се со најголеми реализирани износи отпаѓаат 75,8% од вкупниот износ за дадениот период.

Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Македонски Брод каде се издвоени само 0,3% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ или 3.459.113 денари.

Износот на средства со кои пациентите учествуваат (партиципираат) во вкупните трошоци за лекови за првата половина од 2015 година изнесува 179.108.390 денари или 14,85%.

## Споредба на потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза во ФЗО подрачни служби

Следење на потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД) за лековите по генерика според интернационалната методологија на Светската здравствена организација се прави и по ФЗО Подрачни служби (Табела 3).

Според добиените вредности за ДДД издадени за 1000 осигуреници на ден, најголема потрошувачка се забележува во Подрачна служба Неготино со вкупно 921 ДДД што претставува зголемување од 10,6% во споредба со истиот период минатата година кога оваа Подрачна служба се наоѓала на второ место по потрошувачка по ДДД/1000 осигуреници/ден.

На второ место за период од јануари-јуни 2015 година се наоѓа Подрачна служба Берово со 889 ДДД, за истиот период минатата година во оваа Подрачна служба биле потрошени 870 ДДД за 1000 осигуреници на ден и тоа претставува зголемување од 2,18%.

На трето место се наоѓа Подрачната служба Делчево со 847 ДДД за 1000 осигуреници на ден односно има зголемување од околу 13,2% во споредба со истиот период минатата година.

Во Подрачна служба Крушево се искористени најмалку лекови односно 382 единици ДДД за 1000 осигуреници на ден што претставува зголемување од околу 14,3% во споредба со истиот период минатата година (Графикон 3).

Просечно, на 1000 осигуреници дневно во Република Македонија на рецепт на товар на ФЗОМ се трошеле 658 ДДД единици или за 52 единици повеќе од истиот период во претходната година.

Во споредба со потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД) со истиот период минатата година, кај сите ФЗО подрачни служби има зголемување на потрошувачката на лекови освен во подрачната служба Дебар каде се забележува намалување.

*Напомена: За некои лекови има промена во ДДД-то дадено од Светската здравствена организација заради што може да се забележи поголема разлика во потрошувачката.*

***Графикон 3. Потрошувачка на лекови по ДДД/1000 осигур./ден по Подрачни служб, јан-јуни 2015 година***



Според бројот на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 4) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Неготино со просечно 8,5 рецепти по осигуреник, во Подрачна служба Делчево се реализирани просечно по 8,2 рецепти по осигуреник, додека во Подрачна служба Берово по осигуреник се реализирани просечно по 8,1 рецепти во анализираниот период. За споредба во минатата година за истиот период просечно по осигуреник најмног рецепти се реализирале во подрачна служба Берово 7,9 рецепти, во подрачна служба Неготино се реализирале просечно 7,49 рецепти додека во Подрачна служба Делчево се реализирале просечно по 7,43 рецепти по осигуреник. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево со 3,5 рецепти по осигуреник просечно и во споредба со истиот период минатата година има зголемување за 9,35%.

На ниво на РМ во првата половина од 2015 година просечно се реализирани 5,8 рецепти по осигуреник, додека претходната година овој број бил 5,26 рецепти што е за околу 10.2% зголемување.

***Графикон 4. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ***




Според анализата на вкупниот просечен износ (Графикон 5) издвоен по осигуреник по подрачни служби, најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ по осигуреник се потрошени во Охрид со околу 857,7 денари што претставува зголемување од 15,2% во споредба со минатата година кога оваа Подрачна служба се наоѓала на трето место по овој параметар. Во Делчево се издвоени околу 820,7 денари или 7,7% повеќе во споредба со минатата година, а во Кочани се издвоени околу 795,1 денари или 10,6% повеќе од истиот период минатата година кога оваа подрачна служба се наоѓала на седмо место. Најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се издвоени во Крушево каде просечниот износ издвоен за лекови е околу 416,5 денари по осигуреник што претставува зголемување од 9,6% во споредба со истиот период минатата година.

На ниво на РМ просечно се издвоени околу 670,4 денари по осигуреник, што претставува зголемување од 8,65% во споредба со истиот период лани.

***Графикон 5. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ***



## 2.4 Топ 10 најпотрошувани лекови по број на рецепти

Во првите десет најкористени лекови по генерика за првата половина на 2015 година се речиси истите генерики на лекови како и за првата половина на 2014 година, исклучок е hydrochlortiazide кој се јавува во првите 10 лекови во првата половина на 2015 година, за разлика од истиот период 2014 година. (Табела 4).

***Табела 4. Топ 10 лекови по АТЦ класификација - петто ниво, прва половина на 2015 година***

| Реден број | АТЦ код | Генеричко име- INN | Број на рецепти | Удел во вкупниот број на ти (%) |
|---|---|---|---|---|
| **1** | C09AA02 | ENALAPRIL | 971.540 | 9,24% |
| **2** | N05BA01 | DIAZEPAM | 502.105 | 4,77% |
| **3** | C09AA03 | LISINOPRIL | 481.072 | 4,57% |
| **4** | C04AD03 | PENTOXIFYLLINE | 446.326 | 4,24% |
| **5** | A10BA02 | METFORMIN | 435.000 | 4,14% |
| **6** | C07AB07 | BISOPROLOL | 349.991 | 3,33% |
| **7** | C10AA05 | ATORVASTATIN | 305.079 | 2,90% |
| **8** | C03AA03 | HYDROCHLOROTHIAZIDE | 290.238 | 2,76% |
| **9** | A02BA02 | RANITIDINE | 281.689 | 2,68% |
| **10** | J01CR02 | AMOXICILLIN+CLAVULANIC ACID | 274.397 | 2,61% |
| | | **Вкупно** | **4.337.437** | |
| | | **Удел во вкупната потрошувачка** | | **41,25%** |

Најкористен лек по бројот на рецепти во првата половина на 2015 година е лекот со генеричко име „enalapril“ со вкупно 971.540 реализирани рецепти, што е раст за околу 8,3% во однос на реализираните рецепти истиот период минатата година.

Учеството на 10-те најкористени лекови во вкупната потрошувачка останува речиси непроменета во однос на првата половина на 2014 година, односно има минимално намалување од околу 0,01%.

***Графикон 6.Топ 10-најкористени лекови по генерика по број на рецепти, прва половина на 2015г.***




Со анализа на потрошувачката на лекот кој изминатите пет години е најпотрошуван лек според методата по дневно дефинирани дози на лек (ДДД)/осигуреник/ден, се покажуваат големи варијации помеѓу подрачните служби, кои се прикажани во Графиконот 7.

Најголема потрошувачка на овој лек се забележува во Берово со 0,210 ДДД/осигуреник/ден, додека најмала потрошувачка овој лек има во Гостивар со 0,042 ДДД/осигуреник/ден или може да се каже дека лекот Enalapril во Гостивар се троши за околу 5 пати помалку отколку во Берово, на што извесно е дека влијае возрасната структура на населението, пропишувачките навики на лекарите и други фактори. Како што може да се види од Графиконот 7, во Кочани и Пробиштип најпотрошуван лек е Lizinopril (АЦЕ инхибитор) за разлика од другите градови каде лекот Enalapril е на прво место по потрошувачка.

***Графикон 7. Топ 10 - најкористени лекови по АТЦ петто ниво, по ФЗО подрачни служби во првата половина на 2015 година (ДДД/осигуреник/ден)***




## 2.5 Топ 10 најпотрошувани лекови по вкупни износи

***Табела 5. Топ 10- најкористени лекови по износи во првата половина на 2015 година по вкупен износ***

| Реден број | АТЦ код | Генеричко име- INN | Вкупен износ (денари) | Удел во вкупнит износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | C10AA05 | ATORVASTATIN | 58.974.441 | 4,89% |
| 2 | G04CA02 | TAMSULOSIN | 50.043.049 | 4,15% |
| 3 | R03AK06 | SALMETEROL+FLUTICASONE | 44.397.751 | 3,68% |
| 4 | C10AA07 | ROSUVASTATIN | 42.590.496 | 3,53% |
| 5 | J01CR02 | AMOXICILLIN+CLAVULANIC ACID | 40.375.131 | 3,35% |
| 6 | R03BA05 | FLUTICASONE | 36.527.671 | 3,03% |
| 7 | C04AD03 | PENTOXIFYLLINE | 36.506.129 | 3,03% |
| 8 | C09CA01 | LOSARTAN | 33.683.235 | 2,79% |
| 9 | C09AA02 | ENALAPRIL | 30.411.770 | 2,52% |
| 10 | A10BA02 | METFORMIN | 28.750.724 | 2,38% |
| | | Вкупно | 402.260.398 | |
| | | Удел во вкупната потрошувачка | | 33,35% |

Лек за кој што ФЗОМ во првата половина на 2015 година издвоил најголем износ на финансиски средства е лекот Atorvastatin (хиполипемик) за кој се издвоени вкупно околу 58,9 милиони денари со

околу 4,9% учество во вкупниот износ (Табела 5) или за околу 2,9 милиони денари повеќе од лани за истиот лек.

***Графикон 8. Топ 10 - најкористени лекови (генерика, АТЦ петто ниво) во првата половина на 2015 година по вкупен износ (денари)***




## 2.6 Потрошувачка на лекови со и без доплата

Во првата половина од 2015 година Фондот има утврдено референтни цени за околу 1133 лекови со заштитено име од кои без доплата се обезбедени 470 лека или околу 41,5% од вкупниот број на лекови со референтна цена. Од вкупниот број на лекови со референтна цена, рецепти се реализирани за 978 лекови со заштитено име од кои 408 (41,7%) лекови биле без доплата за осигурените лица и за нив се реализирани 1.801.806 рецепти што претставува 17,13% од вкупниот број на реализирани рецепти, а за нив се издвоени 472.470.997 денари (39,17%) од вкупниот износ за лекови од примарна здравствена заштита (Табела 6). Овие податоци укажуваат дека има намалување во реализацијата на рецепти за лекови без доплата и тоа за 4,57% намалување во бројот на рецепти и 7,33% намалување во износите за лекови без доплата, во споредба со истиот период минатата година.

***Табела 6. Потрошувачка на лекови со и без доплата за период 1-6.2015 година***

| | Број на рецепти | Вкупен износ | Удел во вкупен број рецепти | Удел во вкупен износ |
|---|---|---|---|---|
| **Лекови без доплата** | 1.801.806 | 472.470.997 | 17,13% | 39,17% |
| **Лекови со доплата** | 8.714.423 | 733.803.077 | 82,87% | 60,83% |
| **Вкупно** | 10.516.229 | 1.206.274.074 | | |

***Графикон 9. Учество на лековите без доплата во првата половина 2015 година***



Овие резултати покажуваат дека осигурениците на Фондот не се информираат доволно за нивните права и можноста за избор на лек без доплата, аптеките доволно не набавуваат и не нудат лекови без доплата на осигурениците или пак од одредени причини осигурениците одлучуваат да подигнат лек на рецепт на товар на Фондот кој е со доплата на нивен личен трошок (доплатата е разлика помеѓу цената на одреден лек која е одобрена од Министерството за здравство на РМ и референтната максимална цена за одреден лек која ја надоместува ФЗОМ).

Сите здравствени установи и здравствени работници се здолжени од ФЗОМ задолжително да ги информираат осигурениците за можноста за подигање лек на рецепт без доплата од нивна страна.

## 2.7 Потрошувачка на скапи лекови на рецепт

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите кои се опфатени со Одлуката на Управниот одбор на ФЗОМ за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, за првата половина на 2015 година изнесува 16.662 рецепти за кои се издвоени вкупно 35.498.704 денари што е за околу 3,8 милиони денари (12%) повеќе во однос на минатата година, иако бројот на рецепти е намален за 394 рецепти (-2,3%).

Во Табелата 7 е даден преглед на издадените лекови кои се опфатени со Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ. Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2015 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

Уделот на скапите лекови во вкупните износи во првата половина на 2015 година е 2,94% или за 0,11% повеќе од истиот период минатата година.

Учеството на скапите лекови во вкупниот број на рецепти е помал во споредба со претходната година за 0,02%.

***Табела 7. Приказ на потрошувачката на скапи лекови во период јануари – јуни 2013-2015 година***

| Реден број | АТХ код | Генеричко име на лекот | Број на рецепти I половина 2013 година | Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2013 година | Број на рецепти I половина 2014 година | Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2014 година | Број на рецепти I половина 2015 година | Вкупен износ (денари со 5% ДДВ) 2015 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | A05AA02 | URSODEOXYCHOLIC ACID | / | / | 266 | 429.604 | 238 | 384.376 |
| 2 | A07EC02 | MESALAZINE | 248 | 402.752 | 790 | 603.714 | 924 | 730.082 |
| 3 | A09AA02 | AMILASE +LIPASE + PROTEACE/PANKREATIN | 7.688 | 3.983.363 | 8.353 | 4.863.274 | 6.905 | 5.674.761 |
| 4 | G03HA01 | CYPROTERONE | / | / | / | / | / | / |
| 5 | H01BA02 | DESMOPRESSIN | 388 | 971.937 | 1.567 | 3.192.551 | 1.601 | 3.125.032 |
| 6 | J05AB04 | RIBAVIRIN | 273 | 5.035.343 | 187 | 2.326.028 | 235 | 2.788.647 |
| 7 | J05AF05 | LAMIVUDINE | 722 | 2.069.978 | 821 | 2.282.637 | 900 | 2.287.275 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **8** | L04AA06 | MYCOPHENOLIC ACID | 1.810 | 6.997.343 | 503 | 6.541.918 | 640 | 8.418.704 |
| **9** | L04AD01 | CICLOSPORIN | 1.944 | 3.180.172 | 1.700 | 2.685.802 | 1.636 | 2.599.942 |
| **10** | L04AD02 | TACROLIMUS | 275 | 2.057.481 | 1.055 | 2.222.719 | 1.087 | 1.777.826 |
| **11** | M05BA02 | CLODRONIC ACID | 170 | 1.248.333 | 95 | 697.443 | 79 | 562.988 |
| **12** | N02AA01 | MORPHINE | / | / | 23 | 15.124 | 116 | 71.677 |
| **13** | N03AX14 | LEVETIRACETAM | 2.251 | 7.485.505 | 291 | 763.492 | 355 | 948.729 |
| **14** | N04BC05 | PRAMIPEXOLE | / | / | 1.403 | 5.052.905 | 1.946 | 6.128.665 |
| | | ВКУПНО | 15.769 | 33.432.207 | 17.05 | 31.679.87 | 16.662 | 35.498.704 |
| | | Удел во вкупната потрошувачка | **0,18%** | **3,18%** | **0,18%** | **2,83%** | **0,16%** | **2,94%** |

## 2.8 Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација

### 2.8.1. Потрошувачка на лекови за осигуреници со трансплантирани органи

Согласно Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата – трансплантација на органи во РМ за 2015 година, средствата за партиципација на осигурените лица со трансплантирани органи за набавка на лековите: Mycophenolic acid таблети 180 mg, 250mg, 360mg и 500mg како и Ciclosporin таблети 25mg, 50mg, 100mg и раствор 100mg/ml, треба да се обезбедуваат преку Буџетот на Република Македонија преку Министерството за здравство на РМ.

Во првата половина на 2015 година за горенаведените лекови обезбедени за осигурени лица со трансплантирани органи, пресметаната партиципација е во износ од 863.030 денари (Табела 8), вкупниот износ е зголемен за 1,6 милиони денари (+16%) од претходната година, а бројот на рецепти е помал за 41.

Зголемувањето на трошоците се должи на зголемување на бројот на резлизирани рецепти за поскапи лекови.

***Табела 8. Потрошувачка за лекови по Програма на Влада на РМ за трансплантација на органи***

| АТЦ код | Генеричко име на лекот INN | Број на рецепти 2013 | Вкупен износ (денари) 2013 | Ослободена партиципација 2013 | Број на рецепти 2014 | Вкупен износ (денари) 2014 | Ослободена партиципација 2014 | Број на рецепти 2015 | Вкупен износ (денари) 2015 | Ослободена партиципација 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| L04AD01 | Ciclosporin | 1.686 | 2.555.090 | 345.460 | 1.454 | 2.134.789 | 291.310 | 1.426 | 2.124.473 | 288.910 |
| L04AA06 | Mycophenolic acid | 1.789 | 6.906.616 | 498.920 | 1.866 | 7.895.240 | 516.800 | 1.853 | 9.538.408 | 574.120 |
| | Вкупно | 3.475 | 9.461.706 | 844.380 | 3.320 | 10.030.029 | 808.110 | 3.279 | 11.662.881 | 863.030 |
| | Удел во вкупната потрошувачка | **0,04%** | **0,90%** | 0 | **0,03%** | **0,90%** | 0 | **0,03%** | **0,97%** | 0 |

### 2.8.2. Потрошувачка на лекови за деца со посебни потреби

Согласно членот 34 од Законот за здравствено осигурување, од учество со лични средствата при користење на здравствени услуги и лекови ослободени се и децата со посебни потреби, според прописите за социјална заштита. Во првата половина на 2015 година за осигурените лица - деца со посебни потреби, се реализирани 19.161 рецепти со вкупен износ од 7.630.076 денари што претставува зголемување на бројот на реализирани рецепти за оваа група на осигуреници за околу 40 %, односно за 129% е зголемен издвоениот износ во споредба со истиот период од минатата година. Пресметаните средства за партиципација се во износ од 1.090.945 денари, што е зголемување за околу 128 % споредено со 2014 година. Учеството во вкупната партиципација за лекови  на товар на Фондот е 0,6% (Табела 9).

Потрошувачката за овие лекови е пресметана во вкупната потрошувачка за лекови на рецепт во првата половина од 2015 година, дадени во точка 2 од овој извештај.

***Табела 9. Потрошувачка на лекови со ослободување од партиципација за деца со посебни потреби***

| | Број на рецепти 1-6.2014 | Број на рецепти 1-6.2015 | Вкупен износ ( денари со 5% ДДВ) 1-6.2014 | Вкупен износ ( денари со 5% ДДВ) 1-6.2015 | Пресметана партиципација 1-6.2014 | Пресметана партиципација 1-6.2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 13.685 | 19.161 | 3.330.777 | 7.630.076 | 478.220 | 1.090.945 |
| **Удел во ›трошувачката** | 0,14% | 0,18% | 0,29% | 0,63% | 0,28% | 0,60% |
| **% 2015/2014** | | +40% | | +129% | | +128% |

## 3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основа на резултатите добиени со анализи на податоци за потрошувачка на лекови на рецепт преку аптеките во примарна здравствена заштита на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за првата половина од 2015 година може да се заклучи дека:

✓ Снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на ФЗОМ преку аптеките во примарната здравствена заштита во континуитет оди во нагорна линија, со зголемен број на рецепти и износи за лекови на товар на Фондот во примарната здравствена заштита,

✓ Има разлики во потрошувачката на лекови по подрачни служби на ФЗОМ, бидејќи на потрошувачката на лекови влијае и структурата на населението и пропишувачките навики на лекарите и други фактори.

✓ Анализите за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ и контролите и соработката со здравствените установи и здравствените работници треба да придонесат за подобра рационална употреба на лекови, а со тоа и поефикасно користење на расположивите ресурси на ФЗОМ.